Со голема почит и задоволство Дафинка ја прими наградата и притоа го кажа следното: Ми претставува големо задоволство и чест што можам да ја примам Наградат*а* за мојот татко Славе Катин

Задоволството е уште поголемо што тој и’ е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите бројни публикации, новинарски и научни трудови кои се посветени, главно, на етничка Македонија и на животот на Македонците во дијаспората. Исто така, неговата работа и творештво се однесува и на низа други аспекти поврзани со македонската култура, литература, јазик, историја, журналистика и религија.

Славе Катин е автор на шеесет и една публикации, од кои 22 со името Македонија, автор е на дваесет монорафии за познати и признати личности од дијаспората и Република Македонија, на десетина дела посветени на религијата и МПЦ-ОА, на десетина лексикографски изданина и на стотина научни трудови, презентирани на различни симпозиуми и други собири во Македонија и во светот. Исто така, автор е на над пет илјади објавени новинарски текстови и други единици од науката, фељтони, репортажи, осврти, портрети, преводи од литературата и науката и друго.

# *UMD WASHINGTON "LIFETIME ACHIEVEMENT AWARD 2022" AWARDED TO SLAVÈ KATIN*

The awarding of the "*Lifetime Achievement Award 2022*" of the UMD from Washington to Slavè Katin was organized during the UMD Symposium in Skopje, after the promotion of the work *An American son of Macedonia* by Lou Vlasho.

The award was presented by Meto Koloski, president of the UMD, who, among other things, said: I have been given a particular honor to present the "*Lifetime Achievement Award 2022*" of the UMD from Washington to Slavè Katin, who, unfortunately due to health reasons, is not present, therefore I will give the award to his daughter Dafinka Katin Scatozza, who lives in Rome, Italy.

Dafinka accepted the award with great respect and gratification saying the following: It is an immense pleasure and honor for me to be able to receive the Award on behalf of my father Slavè Katin.

The gratification is even more distinguished as he is known to the Macedonian and international public for his numerous publications, journalistic and scientific works which are dedicated, principally, to ethnic Macedonia and the life of Macedonians in the diaspora. Furthermore, his work and achievement refers to a number of other aspects related to Macedonian culture, literature, language, history, journalism and religion.

Slavè Katin is the author of sixty-one publications, 22 of which bear the name Macedonia, he is the author of twenty monographs about famous and established individuals from the diaspora and the Republic of Macedonia, ten works dedicated to religion and the MOC-OA, ten lexicographic publications and hundreds of scientific papers, presented at various symposia and other gatherings in Macedonia and worldwide. He is also the author of over five thousand published journalistic texts and other units from science, feuilletons, reports, reviews, portraits, translations from literature and science and more.


UNITED




UNITED
LIMAK SKOPJE


UNITED
MACEDONIAN
DIASPORA
ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА
Honours
SLAVE NIKOLOVSKI KATIN
With the
UMD Lifetime Achievement Award
In Recognition of Your Significant Role
and Impact for Macedonia
and Macedonian Causes Globally
July 2023


UNITED
MACEDONIAN
DIASPORA
ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА
UNITED, WE CAN
Обединети, Можеме

# *ПОВРЗИ СЕ, МРЕЖИ СЕ И РАСТИ СО ОМД МАКЕДОНИЈА СИМПОЗИУМ И ИСКУСТВО!*

Dear Slavè

Со големо задоволство, ве покануваме да учествувате на 1-виот Симпозиум и искуство на ОМД Македонија во четврток, 20 јули 2023 година, во хотел Лимак во Скопје, Македонија.

ОМД Македонија Symposium and Experience е глобална собирна платформа за споделување професионално знаење, поврзување на македонските организации и инспирација за промени во Македонија. Имајќи некои од најголемите умови во бизнисот,политиката,историјата,науката и технологијата како наши говорници,ние ја обликуваме нашата иднина,одејќи напред паралелно со водечките земји во светот.На Симпозиумот се очекува да присуствуваат креатори на политики,компании кои работат во регионот,членови на дипломатскиот кор и меѓународни организации,  академици и членови на граѓанското општество.

На Симпозиумот ќе се разговара за национални и глобални теми, вклучително и зајакнување на младите и жените, улогата на Македонија во светот, развојот на македонските рурални средини, иднината на работата и можностите за образование, инвестиции и пензионирање во Македонија.

Задоволство ми е да ви ја откријам целосната агенда и говорниците за Симпозиумот и информациите за нашата турнеја Wines of Macedonia.

Придружете ни се на настанот на ОМД Македонија Симпозиум и искуство за да оставите свој белег во обликувањето на

подобра,поефикасна и економски поразновидна иднина за Македонија. Би биле воодушевени доколку ни се придружите на нашиот главен настан.

Однапред ви благодариме и ве очекуваме на Симпозиумот.

Топли поздрави,
Гордан Јорданов
директор за Македонија и Европа
Обединета македонска дијаспора
gjordanov@umdiaspora.org
+389 78 35 52 33




UNITED MACEDONIAN DIASPORA
ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

UNITED MACEDONIAN DIASPORA
ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

# *CONNECT, NETWORK, and GROW with UMD Macedonia Symposium and Experience!*

---

Dear Slavè,

With great pleasure, we invite you to participate in the **1st UMD Macedonia Symposium and Experience** on Thursday, July 20th, 2023, at the Limak Hotel in Skopje, Macedonia.

UMD Macedonia Symposium and Experience is a global gathering platform for sharing professional knowledge, connecting Macedonian organizations, and inspiring change in Macedonia. Having some of the greatest minds in business, politics, history, science, and technology as our speakers, we shape our future, moving forward in parallel with the world's leading countries. Policymakers, companies operating in the region, members of the diplomatic corps and international organizations, and academia and civil society members are expected to attend the Symposium.

National and global topics will be discussed at the Symposium, including youth and women's empowerment, Macedonia's role in the world, the development of Macedonian rural areas, the future of work, and educational, investment, and retirement opportunities in Macedonia.

**I'm pleased to reveal the full agenda and speakers for the Symposium and information about our Wines of Macedonia tour below.**

Join us at the UMD Macedonia Symposium and Experience event to leave your mark in shaping a better, more efficient, and more economically diverse future for Macedonia. We would be thrilled if you join us for our flagship event.
Thank you in advance, and we look forward to seeing you at the Symposium.

Warm regards,
Gordan Jordanov
Macedonia and Europe Director
United Macedonian Diaspora
gjordanov@umdiaspora.org
+389 78 35 52 33









Дафинка Скатоца и Изабел Катин Скатоца /Dafinka Skatozza and Izabel Katin Skatozza

# ДОБИТНИЦИ НА „НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ОСТВАРУВАЊЕ“

Добитник на *„Наградата за животно остварување“* (2011), која во рамките на одбележувањето на 20-те години од осамостојувањето на Република Македонија му беше доделена на првиот претседател на Македонија ***Киро Глигоров***. Одлуката за доделување на наградата беше донесена на глобалната Годишна конференција на македонската дијаспора што се одржа од 23 до 25 јуни 2011 година во Вашингтон, а претставници на ОМД на 5 септември во Скопје му ја врачија наградата на Глигоров, за неговите заслуги – „за неговото животно дело посветено на Република Македонија“

Исто така, *„Наградата за животно остварување*“ ОМД им е доделена на следните видни Македонци: ***Ѓоргија Џорџ Атанасоски***, од САД, ***Џон Битоф***, од Канада, ***Џеимс Сандерс*** од Канада, ***Атанас Коларовски***,и ***Луј Влашо*** од САД, ***Мик Веловски*** од Австралија и ***Славе Николовски-Катин*** од Македонија.



# *WINNERS OF THE "LIFETIME ACHIEVEMENT AWARD".*

Recipient of the "*Lifetime Achievement Award*" (2011), awarded to the first president of Macedonia, ***Kiro Gligorov***, was part of the celebration of the 20th anniversary of the Republic of Macedonia’s independence. The decision to present the award was made at the Global Annual Conference of the Macedonian Diaspora that was held from June 23 to 25, 2011 in Washington, and representatives of the UMD presented the award to Gligorov on September 5 in Skopje, for his merits - "for his lifetime's work dedicated to the Republic of Macedonia"

Also, the UMD "*Lifetime Achievement Award*" has been awarded to the following prominent Macedonians: ***Gjorgija George Atanasoski***, from the USA, ***John Bitoff***, from Canada, ***James Sanders*** from Canada, **Atanas Kolarovski** and ***Lou Vlasho*** from the USA, ***Mick Velovski*** from Australia and ***Slavè Nikolovski- Katin*** from Macedonia.









*Ѓоргија Џорџ Атанасоски / George Atanasoski*

*Џон Битов / John Bitov*





Џеимс Сандерс /James Sanders

Атанас Коларовски/ Atanas Kolarovski





Луј Влашо Lou Vlasho Мик Веловски /Mik Velovski



Славе Николовски-Катин / Slavè Nikolovski-Katin

# „НАГРАДА ЗА ЖИВОТНО ОСТВАРУВАЊЕ 2022“ НА ОМД ОД ВАШИНГТОН ЗА СЛАВЕ КАТИН






На предлог на претседателот на организацијата „Обединета македонска дијаспора“ (ОМД) од Вашингтон, Соединетите Американски Држави, Методија А. Колоски, Управниот одбор, чиј претседавач е Стојан Николов, едногласно му ја додели глобалната ***„Награда за животно достигнување за 2022 година“*** на познатиот публицист, журналист и аналитичар за македонската дијаспората, Славе Николовски-Катин. Наградата ќе му биде врачена на 5-та Глобална конференција на ОМД во Скопје, која се очекува да се одржи во јули 2022 година.

Во писменото известувањето од 11.01,2022 година, се вели дека со глобалната *„Награда за животно достигнување за 2022 година“* на ОМД, највлијателната невладина организација на македонските иселеници, им се оддава признание на извонредни поединци кои дале значаен придонес за Македонија, македонскиот народ и општеството воопшто. Со голема почит кон Славе

Николовски-Катин и неговата посветена работа на Македонската заедница во дијаспората и неговите многубројни и значајни постигнувања, Управниот одбор на ОМД едногласно го избра за добитник на оваа награда за 2022 година.

Според ОМД, која се залага за оддавање почит на сите лица што дале свој придонес за Македонија, овогодишната наградата му се дава на Славе Катин кој е познат само како Славе Катин и е публицист, журналист и аналитичар за македонската дијаспората. Тој не припаѓа на политичка партија, бидејќи е припадник на етничка Македонија, на Македонците во дијаспората и на Македонската православна црква-Охридска архиепископија (МПЦ-ОА), која како институција игра значајна улога во опфаќањето и сплотеноста на Македонците надвор од Македонија, особено во прекуокеанските земји САД, Канада, Австралија и во Европската Унија.

Славе Катин и’ е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите бројни публикации, новинарски и научни трудови кои се посветени, главно, на етничка Македонија и на животот на Македонците во дијаспората. Исто така, неговата работа и творештво се однесува и на низа други аспекти поврзани со македонската дијаспора, како и со културата, литературата, јазикот, историјата, журналистиката и религијата.

Славе Катин е автор на шеесет публикации, од кои 22 со името Македонија, автор е на дваесет монорафии за познати и признати личности од дијаспората и Република Македонија, на десетина дела посветени на религијата и МПЦ-ОА, на десетина лексикографски изданина и на стотина научни трудови презентирани на различни симпозиуми и други собири во Македонија и во светот. Исто така, автор е на над пет илјади објавени новинарски текстови и други единици од науката, фељтони, репортажи, осврти, портрети, преводи од литературата и науката, јазикот, религијата и културата на англиски и на македонски јазик, како и на друг вид текстови и материјали што се објавени во земјата и во светот, од кои дел можат да се видат или да се прочитаат на неговата Веб – страница: www.slavekatin.com

Како плоден автор, новинар, преведувач, публицист и бранител на македонската вистина со повеќедецениска кариера,

Славе Катин е еден од најпочитуваните и најценетите членови на Глобалната македонска заедница. Тој оставил траен и пријатен впечаток на секоја личност што тој ја запознал. Неговата експертиза за Македонија, за МПЦ-Охридска архиемископија и за Македонската дијаспора се за почит. Со објавувањето на бројните дела на полето на религијата, културата и историјата за Македонија и македонскиот народ, неговата цел е да се претстави и афирмира македонската вистина, особено во дијаспората.

Глобалната *„Награда за животно достигнување“* на ОМД им оддава признание на извонредни поединци кои дале значаен придонес за Македонија, македонскиот народ и општеството воопшто. Како почит на посветената работа на македонската заедница и признание за неговите многубројни достигнувања, Управниот одбор на ОМД едногласно го избра Славе Катин да биде добитнок на ова највисоко признание на организацијата Обединета македонска дијаспора (ОМД), со седиште во САД и Канада и со ограноци во Европа и Австралија.

Како плоден автор, новинар и преведувач со повеќедецениска кариера, Славе Катин е еден од најпочитуваните и најценетите членови на нашата Глобална македонска заедница. Тој оставил траен и незаборавен впечаток на секоја личност што ја запознал. Неговата експертиза за Македонија, за Македонските православни цркви во светот и за македонската дијаспора е за почит. Со објавувањето на бројните дела за дијаспората, религијата, културата и историјата на Македонија, тој има за цел во неговото творештво, пред се’, да се претстави македонската вистина.

Достигнувањата и придонесите на Славе Катин се навистина многубројни и огромни. ОМД не може да најде подобар начин да го почитува и да се заблагодари за неговото постигнување како член на нашата Македонска заедница, затоа, Организацијата OMD му ја додели глобал-ната *„Награда за животно достигнување за 2022 година“, меѓу другото,* се вели во известувањето на претседателот на ОМД, Методија А. Колоски.

**ДУШАН РИСТЕВСКИ - МАКЕДОН**

# *UMD WASHINGTON "2022 LIFETIME ACHIEVEMENT AWARD" TO SLAVÈ KATIN*




Following the proposal of the president of the organization United Macedonian Diaspora (UMD) from Washington, United States of America, Metodija A. Koloski, the Board of Directors, whose chairman is Stojan Nikolov, unanimously awarded the global "*Lifetime Achievement Award for 2022*" to the famous publicist, journalist and analyst for the Macedonian diaspora, Slavè Nikolovski-Katin. The award will be presented to him at the 5th UMD Global Conference in Skopje, which is expected to be held in July 2022.

In the written notice of January 11, 2022, it is said that with the global UMD "*Lifetime Achievement Award for 2022*", the most influential non-governmental organization of Macedonian expatriates, recognition is given to outstanding individuals who have made a significant contribution to Macedonia, Macedonian people and society in general. With great respect for Slavè Nikolovski-Katin and his dedicated work to

the Macedonian community in the diaspora and his numerous and significant achievements, the UMD Management Board unanimously chose him as the recipient of this award for 2022.

According to UMD, which advocates honoring all individuals who have contributed to Macedonia, this year's award is given to Slavè Katin, known simply as Slavè Katin, a publicist, journalist and analyst for the Macedonian diaspora. He does not belong to a political party, as he is a member of ethnic Macedonia, Macedonian people in the diaspora and the Macedonian Orthodox Church-Ohrid Archdiocese (MOC-OA), which as an institution plays a significant role in the inclusion and cohesion of Macedonians outside of Macedonia, especially in overseas countries USA, Canada, Australia as well as in the European Union.

Slavè Katin is known to the Macedonian and international public for his numerous publications, journalistic and scientific works which are dedicated, principally, to ethnic Macedonia and the life of Macedonians in the diaspora. Furthermore, his work and achievement refer to a number of other aspects related to Macedonian culture, literature, language, history, journalism and religion.

Slavè Katin is the author of sixty publications, 22 of which bear the name Macedonia, he is the author of twenty monographs about famous and established individuals from the diaspora and the Republic of Macedonia, ten works dedicated to religion and the MOC-OA, ten lexicographic publications and hundreds of scientific papers, presented at various symposia and other gatherings in Macedonia and worldwide. He is also the author of over five thousand published journalistic texts and other units from science, feuilletons, reports, reviews, portraits, translations from literature and science and more.

He is also the author of over five thousand published journalistic texts and other units from science, feuilletons, reports, reviews, portraits, translations from literature and science, language, religion and culture in English and Macedonian, as well as other types of texts and materials that have been published in the country and in the world, some of which can be seen or read on his website: www.Slavèkatin.com

As a prolific author, journalist, translator, publicist and defender of Macedonian truth with a multi-decade career, Slavè Katin is one of the

most distinguished and valued members of the Global Macedonian Community. He leaves a lasting and gratifying impression on every person he meets. His expertise about Macedonia, about the MOC-Ohrid Archdiocese and for the Macedonian diaspora are quite distinguished. By publishing numerous works in the field of religion, culture and history of Macedonia and the Macedonian people, his goal is to present and affirm the Macedonian truth, especially in the diaspora.

The UMD global "*Lifetime Achievement Award*" recognizes outstanding individuals who have made a significant contribution to Macedonia, the Macedonian people and society in general. As a tribute to the dedicated work of the Macedonian community and recognition of his many achievements, the UMD Board of Directors unanimously chose Slavè Katin to be the recipient of this highest recognition of the organization United Macedonian Diaspora (UMD), based in the USA and Canada, with branches in Europe and Australia.

As a productive author, journalist and translator with a multi-decade career, Slavè Katin is one of the most respected and valued members of our Global Macedonian community. He left a lasting and unforgettable impression on every person he met. His expertise on Macedonia, on the Macedonian Orthodox churches in the world and on the Macedonian diaspora is worthy of respect. With the publication of numerous works on the diaspora, religion, culture and history of Macedonia, he aims in his work, above all, to present the Macedonian truth.

Slavè Katin's achievements and contributions are truly numerous and immense. UMD could not find a better way to honor him and express gratitude for his achievement as a member of our Macedonian community, therefore, the UMD Organization awarded him the global "*Lifetime Achievement Award for 2022*", among other things, it is said in the notice of the president of UMD, Metodija A. Koloski.

**DUSAN RISTEVSKI – MAKEDON**



*Фамилијата на Нада и Славе Катин / The family of Nada ans Slavè Katin*



*Нада и Славе Катин со дел од фамилијата после операцијата во Центарот за рехабилитација во Гуелф,Canada Нада анд Slavè Katin after the operation with a part of his family in the Centre for rehabilitation in Guelf, Canada*

# *КОЈ Е СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН?*
# *(Биографија)*



**СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ–КАТИН,**кој е познат само како **Славе Катин** е голем вљубеник во својата родна Преспа, во Охрид, во етничка Македонија и македонскиот народ,како и во Македо-нската православна црква - Охридска архиепископија и во Маке-донците насекаде во светот. Тој и’ е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите бројни публикации, новина-рски и научни трудови кои се посветени, главно, на етничка Македонија и на животот на Македонците во дијаспората.

Славе Катин не припаѓа на политичка партија, бидејќи тој е припадник на етничка Македонија, на Македонците во дијаспората и на Македонската православна црква- Охридска архиепископија (МПЦ-ОА), која како институција игра значајна улога во опфаќањето и сплотеноста на Македонците надвор од Македонија, особено во прекуокеанските земји и насекаде во светот.

Разновидната палета на Катин за реализација на стратешките цели на ова поле опфаќа бројни напори, од кои дел веќе функционираат. Покрај релативно честите посети на трите

континенти и неговите приватни средби со мигрантите, преку неговите монографски публикации за најуспешните од нив, Катин, исто така, се обидува да предизвика интерес кај државните лидери во земјата за соработка со дијаспората. Ова особено се очекува со објавување на неговата 55 книга Израел и Македонија (на англиски, македонски и хебрејски).

Катин е роден на 19 август 1941 година во Долна Преспа, во куќа која во тој период ја заплискувале брановите на Преспанското Езеро, во непосредна близина на старата населба Наколец. Тој е роден точно на почетокот на Втората светска војна, кога Хитлеровска Германија, опијанета од идеологијата на фашизмот, се крена против целиот свет, верувајќи дека има сили да завладее со него.

Во неговата биографија е забележано дека извесен период по неговото раѓање, семјеството се преселува во Љубојно, од каде е неговата мајка Сандра. До завршувањето на осумгодишното училиште во Љубојно и средното училиште во Скопје го носи презимето на мајка му – Грежловски, а потоа на факултет во Белград продолжува со презимето на неговиот биолошки татко Ристо (Барџевски) – Николовски. Во Љубојно Славе го минува поголемиот дел од детството, од младоста, а се навраќа во него скоро цел живот. Катин таму има библиотека со околу 4.000 книги Таму од мали нозе го почувствувал тешки- от печалбарски живот на луѓето од Преспа, особено преку печа- лбарската сага на дедо му Алексо (Алек) Ристов – Грежлов во Детроит, мајка му Сандра и очихот Јосиф Ничевски во Торонто

Основното и осумгодишното училиште (со мала матура) го завршува во училиштето „Димитар Влахов“ во Љубојно, а Средно техничкото училиште, геодетски отсек во училиштето „Здравко Цветковски“ во Скопје. Студирал две години Геодезија на Вишата геодетска школа во Белград., се школувал и во Торонто, а дипломирал на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Во брак е со Нада Николовска, родена Иванова, во Виница во 1949 година. Таа денес е пензионерка, а беше советник и инспектор по македонски јазик во Бирото за развој на образованието и наука при Министерството за образование на Република Македонија. Нада Николовска - Катин е автор на дваесетина учебници и друга

литература и на повеќе од дваесет дидактички дела по македонски јазик кои значат голем придонес во наставниот процес во училиштата во Македонија. Нејзините дела, во исто време се и афирматори и бранители на македонскиот јазик и литературата во земјата и светот.

Нада и Славе Катин имаат две деца: Синот Александар,(Алек-кој го носи името на прадедото Алексо- Алек) роден во Скопје во 1974 година, доктор по ветеринарна медицина - ДВМ и ќерката Дафинка,(која го носи името на прапра бабата Дафина) родена во Штип во 1975, професор по англи-ски, шпански и македонски јазик. Александар е женет со Радмила Николовска, родена Чрчева, во Гостивар во 1974 година, доктор по ветеринарни науки. Тие имаат три ќерки, Сандра Николовска - Катин, родена во Скопје во 2003 година, која го носи името на покојната мајка на Славе Катин. На нејзиниот шести роденден Катин објави пригодна монографија со цртежи што таа ги направи во градинката и фотографии од нејзиното предшколско детство. Втората ќерка Костадина (Дина) Николовска - Катин, е родена во Скопје во 2006 година. И на нејзиот шести роденден Катин објави пригодна монографија со цртежи што таа ги направи во градинката и фотографии од нејзиното предшколско детство. Третата ќерка Надја, која го носи името на бабата Нада, е родена во 2016 година.

Дафинка, пак, е мажена за Џампаоло Скатоца познат како Џипи (Giampaolo Scatozza - Jippi) роден во Рим, Италија. Тој завршил Музичка академија во Рим и сега е џез музичар, (бубневи) и професор по музика, со кого има една ќерка Изабел (Isabel) Катин – Скатоца родена во Торонто во 2006 година и синот Масимо (Massimo) Катин - Скатоца, роден во Торонто во 2007 година. И на нивните шести родендени Славе Катин објави пригодни монографии со цртежи што тие ги направија и фотографии од нивното предшколско детство. Изабел е и автор на тријазичната стихозбирката „Дождот", која беше промовирана во Љубојно на 02,08 2017 година на големиот македонски национален празник Илинден.

По завршувањето на средното образование, неколку години Славе Катин работи како геометар во Собранието на Општината Ресен. Како студент во Белград, во почетокот на 1966 година заминува за Канада, каде останува четири години. Во Торонто се школува на специјализираниот Институт за англиски јазик и

литература „Раерсон“.

Извесен период работи како геодет, а пројавува активност и во македонската колонија во Торонто. Еден мандат, во 1968 година, бил генерален секретар на Црковната управа на Македонската православна соборна црква “Свети Климент Охридски” во овој град. Паралелно се занимавал со новинарство, активно сорабо- тувајќи со списанието “Духовна искра” од Торонто, но и со други печатени и електронски македонски медиуми во Канада и Соединетите Американски Држави.

Во летото 1970 година, по препорака на тогашниот југословенски амбасадор Митко Чаловски се вратил во Маке- донија како студент на Владата на тогашна Социјалистичка Република Македонија, преку Матицата на иселениците од Македонија. Заедно со неколку студенти од Канада и Австра- лија имал статус и бенефиции како странски студент во Македонија, со цел, пак, да се врати во Канада.

Меѓутоа, во 1972 година стапил во брак со Нада Иванова, професор по македонски јазик и литература и останал да живее во Македонија, во древниот Охрид. По дипломирањето на Филолошкиот факултет (1974), Катин четири години работи како координатор и стручен преведувач во Хидробиолошкиот завод во Охрид, во периодот на истражувањето на Охридското Езеро, утврдено со Договорот помеѓу Заводот и Смитсоновата фондација од Вашингтон. Во овој период, интензивно работи на повеќе преводи од научен и стручен карактер, од македонски на англиски јазик и обратно, за потребите на Заводот, но и на низа преводи на англиски јазик на научни трудови објавувани во земјата и странство.

Од 1979 до 1984 година, Катин е во Матицата на иселе- ниците од Македонија, каде ја води Информативната служба и работи како преведувач и новинар во списанието “Македонија”. Од 1984 до 1990 година се наоѓа во Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија (РК ССРНМ), каде го уредува “Информативниот преглед” и други информативни публикации на оваа општествена органи- зација.

Воедно, од Претседателството на РК на ССРНМ е именуван за раководител на Службата за информирање, за секретар на Комисијата на РК ССРНМ за меѓунационални односи и секретар на Одборот за остварување на улогата на ССРНМ во сферата на религијата и верските заедници.

Од 1991 до 1998 година Катин (именуван од Собранието на Република Македонија, како самостојна и независна држава) ја врши функцијата потпретседател на Републичката комисија за односи со верските заедници. Во 1999 година повторно се враќа во Матицата на иселениците од Македонија, сега веќе трансформирана во Министерство за иселеништво, кое, по една реконструкција на Владата, е рангирано (деградирано) во Агенција за иселеништво. Со цел поангажирано да се посвети на иселеништвото, во 2001 година, Катин ја напушта Агенцијата и заминува во предвремена пензија.

Меѓутоа, во овие дваесеттина години по пензионирањето, тој е активен во издавачката дејност. Како главен и одговорен уредник на една од престижните издавачкати куќи–Книгоиздателството “Македонска искра” од Скопје, тој постигнал видни резултати во издаваштвото, особено во учебникарството.

Славе Катин уредил и објавил неколку стотини наслови од кои најголем број се учебници и дидактичка литература, кои значат голем прилог и придонес во образовните процеси во Република Македонија и за учениците во дијаспората, а кои се одобрени од Министерството за образование и наука на Република Македонија, потоа дела на македонски иселеници, асоцијации и организации во Канада, САД, Автралија и Европската Унија, како и книги на бројни познати и непознати автори од Македонија, како и дела од творештво на Славе Катин.

Како функционер на Владата на Република Македонија, Славе Катин бил на посети и разговори кај поглаварите на Романската, Украинската, Руската и Српската православна црква, потоа во Цариградската патријаршија во Истанбил и Ватикан во Рим. Исто така, бил и во делегацијата на Владата на Република Македонија за погребот на Мајка Тереза во Калкута, Индија, а многу пати патувал со делегации на Македонската православна црква - Охридска архиепископија за Канада, Соединетите Американски Држави, Австралија, бројни европски земји, Турција и Израел.

Во неговиот богат творечки опус почнувајќи од првото авторско дело ***„Англиско-македонски лимнолошки лексикон*** **(1986),** па до денес, посебно внимание заслужуваат следните негови дела: ***„Македонците во САД и Канада“ (2002)*** (на македонски и на англиски јазик), ***„Македонски холо- кауст“, (1990),***

***„Македонските православни црковни општини во Австралија, Канада и САД“ (1991), „Во Австралија како дома“ (1992), „Македонскиот иселенички печат” (1993), „Печалбарски копнеж“ (1993), „Македонски селенички паноптикум“ (1996), „Иселенички хоризонти“ (1999), „Атанас Близнаков“*** **(2000),** ***„Моите патувања низ светот“ (2001)„Илинден 1903-2003 и македонските иселеници“ (2003), „Иселеничка вртелешка“ (2008), и „Светот на дланка“ (2014)*** (на македонски јазик), како и на публикациите ***„По патеките на Евлија Челебија“ (2007)*** *(на турски јазик)*и ***„Љубовни приказни“*** **(2011)** (на англиски јазик), ***„Македонците во светот“*** **(2017)** и ***„Преспанска разгледница“*** **(2020)** (на македонски јазик). Особено внимание заслужуваат неговите монографии ***„АндреаБранов“*** од Мелбурн, Австралија **(2001). „Семејството *Јановски“*** од Торонто, Канада **(2002), *„Светле (Стив) Стамевски“*** од Детроит, САД **(2005),** ***„Митро- политот Кирил“*** од Македонија **(2007),** ***„Ѓорѓи (Џорџ) Томов“*** од Њујорк **(2007),** ***„Бошко Рајчовски–Пелистерски“*** од Флорида **(2008),** ***„Петар Стаматов“*** од Чикаго **(2010),** ***„Ѓорѓија– Џорџ Атанасоски“*** од Флорида, **(2012 / 2015) „Атанас *Близнаков“***од Гери, САД **(2015/2017)** (на македонски и англиски јазик), и ***„Есма Реџепова-Теодосиевска“*** од Скопје **(2015),** (на македонски, англиски и ромски јазик), како и делото ***„Гога Печенковски“*** од Ресен **(2004)** (на македонски).

Славе Катин е коавтор и на делата: „***Придонесот на Македонија во светската цивилизација“*** **(2004),** ***„Од Панонија до Егеј“*** **(2007), (на македонски) со** академик д-р Антоније Шкокљев-Дончо, ***„Македонија во античко вре- ме“*** **(2010)** и ***„Балканот и Македонија“*** **(2014)** (на англиски) со академик д-р Антоније Шкокљев-Дончо и Ристо Стефов, потоа ***„Во чест на Свети Кирил и Мето- диј“*** **(1994),** ***„Ореолот на Дева Марија и Света Богородица Сливничка во Преспа“*** **(2007),**(на македонски) со проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ, и ***„40 поклоненија пред гробот на свети Кирил во Рим“*****(2008)** (на македонски), со проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ и епископ Климент, како и дела- та ***„Македонски вознес“*** **(1994)** (на македонски и англиски), ***„Поетски иселенички меридијани“***

**(1995)** и*„Илинден 1903 во Хамбург“* **(1997),** (на македонски јазик) трите со Фиданка Танаскова, *„Илинден во Љубојно и Преспа“* **(2013) (на македонски и англиски)** со Бошко Рајчовски–Пелистерски и *„Силјан Мицевски“* од Битола **(2015)** со Ѓорѓи Лумбуровски (на македонски јазик).

Тој е познат и со неговите лексикографски изданија за деца *„Ајде да учиме македонски и англиски“* **(1997)** (на француски, германски, турски, со Исние Шабан, албански, со Лирија Реџепи, влашки со Захарица Порчу и со Љатив Демир на ромски јазик), и *„Англиско-македонски биотехнички речник“* **(1994),** потоа *“Англиско-македонски ветеринарен речник”***(1996)** со проф. Илинка Дракулевска-Грубовиќ и проф. Никола Јордановски, *„Библиски речник“* **(1997),** со проф. м-р Петко Златески, *„Водич низ компјутерската термино- логија“* **(2000),** со Стеван Томовски.

Тој е познат и по преведените бројни дела и трудови од македонски на англиски јазик и обратно, меѓу кои: *„Селото Неволјани-Леринско“* **(1986)** (од македонски на англиски) од Ристо Кираџиев од Торонто, на преводите на **„Јубилејното издание посветено на 50-годишнината од основањето на Хидробиолошкиот завод–Охрид“, Охрид, (1985),** на **Развојот и** *исхраната на младите цприниди во Охридското Езеро“* **(1988),** (од македонски на англиски), докторска дисертација на биологот Милчо Точко од Охрид, *„Страници за Македонија и Македонците*“ **(1990)** од Христо Андоновски, од Скопје и *„Македонски стопански речник*“ **(1990)** на Стопанската комора на Македонија, како и други преводи на научни трудови од македонски на англиски јазик и обратно. Тој е особено познат со преводот од англиски на македонски јазик на романот *„Александар Македонски“* **(1988)** од Улрих Вилкен.

Две публикации се објавени за Славе Катин и тоа: Монографија за животот и делото, насловена *„Катин“ (2004),* на македонски и на англиски јазик и книгата за неговата публицистичка дејност, насловена *„Македонски иселенички портрет“* **(2004),** на македонски јазик, од Борче Наумовски, поранешен министер за култура на Република Македонија.

Во текот на неговата работа и творечка дејност објавил шеесет публикации, лексикографски изданија, преводи од

македонски на англиски јазик и обратно. Исто така, автор е на над четири илјади новинарски текстови и други единици од науката, фељтони, репортажи, осврти, портрети, преводи од литературата, јазикот религијата и културата на англиски и на македонски јазик, како и на друг вид текстови и материјали што се објавени во земјата и во светот.

Славе Николовски – Катин бил акредитиран новинар од Македонија за ***Австралиско-македонски неделник*** од Мелбурн во период од три години и за ***Меѓународна политика*** од Белград. Поголемиот број од неговиот опус на материјалите се однесува и е сврзан со активностите и животот на македонските православни црковни општини во Австралија, Канада, САД и Европската Унија, како и на македонските иселеници во прекуокеанските и европските земји, а 50-тина преводи од македонски на англиски во рубриката „Од месец до месец” во списанието ***Македонија*** се однесуваат на културно-политичкиот и општествениот живот во Република Македонија.

Има учествувано на шеесетина симпозиуми, трибини, конференции и друг вид сесии во земјата и во светот на кои има презентирано, главно, реферати што се однесуваат на културата, литературата, јазикот и религијата, како и на инфор- мативната и друга дејност на македонските иселеници во прекуокеанските и во западноевропските земји.

Како активен новинар бил избран за секретар на Здружението на новинарите на Македонија, на која должност остана пет години. Потоа бил член на Претседателството и на Комисијата за меѓународна соработка на Здружението. Бил член и на Советот на Центарот за странски јазици во Скопје, на Издавачкиот совет на „Меѓународна политика” од Белград и член на „Друштвото на литературните преведувачи на Македонија“.

Два мандата бил потпретседател, како и член на Друштвото за литература и култура Македонија-Канада, по- тоа бил почесен член на Здружението за примена на маке- донскиот јазик во службената и во јавната комуникација; потпретседател и доживотен член на Одборот на Фондација- та „Атанас Близнакоф” при Универзитетот „Свети Кирил и Мето- диј” . Бил член на Меѓународната академија за слобода на религијата во Вашингтон, САД, а почесен член е на Лите- ратурното друштво „Браќа Миладиновци” од Торонто, Канада и на Литературното друштво

„Григор Прличев“ од Сиднеј, а е член на Друштвото за наука и уметност од Битола.

Ефектите од ваквите посети на угледни Македонци од дијаспората на својата Татковина, допрва ќе се почувствуваат, како што ќе се почувствува и придонесот на Катин на овој план. Историската димензија на неговиот национален проект поврзан со иселеништвото, објективно го афирмира во уникатен лидер на едно светско семакедонско движење за промоција на Македонија, не само како колевка на една стара цивилизација, туку и како држава која придонесува развиениот свет сè повеќе да ја чувствува и во сопствениот развој.

С”, „Весник на МПЦ”, „Трудбеник”, „Бирлик”, „Климентов збор”. „Духовна искра“, „Обединети Македонци”, “Македонија”, „Искра“ „Повод“,„Австралиско-македонски неделник”, „Македонска искра“, Македонски весник“, „Духовна искра“, „Македонски иселенички алманах“, особено во веб-порталот „Македонска нација’, како и во други гласила и портали во Македонија и странство, како што се: „Македонско Сонце“, „Pollitecon Publications“,
„Македонски збор“, Публицитет“, „Матица на иселениците од Македонија“, „Macedonia info Diaspora“, „Илинден“, „Виножито“,
„Медиа 24.мк“ „Огледало“ „Преспаинфо“, „Македонска виделина“ и други.

Славе Катин е добитник на голем број награди и признанија од бројни организации, друштва, установи, цркви и црковни општини во Република Македонија и во странство. Тој, исто така, е добитник на најпрестижната награда ***„Крсте Петков Мисирков 1991“*** на Здружението на новинарите на Македонија од областа на журналистиката.

**Душан Ристевски-Македон**

# ПРВ ВОКАБУЛАР НА НАУЧНА И СТРУЧНА ЛИМНОЛОШКА ТЕРМИНОЛОГИЈА ПРЕД 47 ГОДИНИ

## Славе Николовски-Катин: „Англиско-македонски лимнолошки лексикон“, Хидробиолошки завод. Охрид, 1986 година



Неодамна во издание на Хидробиолошкиот завод од Охрид излезе од печат првиот лексикон во македонската двојазична лексикографија (и несамо во неа), во којашто се обработени научни и стручни термини од областа на хидробиологијата на копнените води – лимнологијата, на Славе Николовски-Катин, новинар, преведувач од Скопје.

Овој двојазичен речник го промовира д-р Борис Оцески, директор на Хидробиолошкиот завод, проф.д-р Јонче Шапкарев, професор на Биолошкиот факултет и д-р Јорданка Серафимова – Хаџишче научен работник во Заводот. На промоцијата беше речено дека Лексиконот е работен спорен најновите достигнувавања на толковните термини во интернационална и стручна лексика којашто е базирана на грчка и латинска основа. Авторот овде успешно врши адаптација според морфолошките особености на англискиот јазик којштo го користи како извориште и основа, а потоа термините ги приопштува на соодветни еквиваленти во македонскиот литературен јазик..

Во овој првенец на македонската научна и стручна лексикографија се застапени термини, изрази и поими од обласга на биолошките и биотехничките науки, со посебен акцент на лимнологијата. Тој се појавува како резултат на авторовите повеќегодишни истражувања и преведувачка дејнос на полето на хидробиологијата на копнените води остварени во Хидробиолошкиот завод во Охрид и на други места. Самиот факт што лексиконот содрши околу 4.000 терминолошки изрази со стручни толкувања, говори за сериозноста и значењето на ова дело, прво од ваков вид во нашатаа Република.

Покрај термините, во лексиконот се дадени толкувања на биолошките знаци и симболи, геолошките периоди и епохи, хемиските елементи и нивните ознаки, термилошка скала, како и англиски и американски мерки за должина, површина, тежина, како и нивнит однос спрема метричките мерки.

Имајќи во предвид дека хидробиологијата со своите гранки океанографијата и лимнологијата претставува интердисциплинарна област, се' повеќе расте бројот на научните работници коишто се занимаваат со испитување на акватичните екосистеми од биолошки,физички,хемиски,геолошки, геоморфолошки, рибарствен и од многу други аспекти. Затоа и појавата на англиско-македонскиот лексикон на Славе Николовски-Катин претставува мошне корисен прирачник на научните и стручните работници, студентите, учениците и воопшто на сите проучувачи и интересенти за водните екосистеми, заштитата на акватичната средина, човековата око-лина и друго.

Со богатство на термини и ползуваната литература од лимнолошки и друг вид од повеќе странски јазици, со јасност на толкување на изразите, овој вокабулар пополни една страница која од поодамна се чувствуваше во нашата лимнолошка терминологија и претставува значајно достигнување на младата македонска лексикографија.

**Бл. Стоичковски**
**(Текстот е објавен во списанието “Макединија“ бр,401 ,IX-1986.)**

# FIRST VOCABULARY OF SCIENTIFIC AND PROFESSIONAL LIMNOLOGICAL TERMINOLOGY

## BEFOR 47 YEARS

---

**Slavè Nikolovski-Katin: "English-Macedonian limnological dictionary", Hydrobiological Institute. Ohrid, 1986**







Recently, the first dictionary in the Macedonian bilingual lexicography (and not only in it) was released by the Hydrobiological Institute from Ohrid, with scientific and professional terms in the field of freshwater hydrobiology - limnology, prepared by Slavè Nikolovski-Katin, journalist and translator from Skopje.

This bilingual dictionary was promoted by Dr. Boris Oceski, director of the  of the Hydrobiological Institute, Prof. Dr. Jonche Shapkarev, professor at the Faculty of Biology, and Dr. Yordanka Serafimova – Hadzishce, a researcher at the Institute. At the promotion it was said that the Dictionary is based on the latest achievements of interpretive terms in an international and professional lexicon based on

Greek and Latin. The author here successfully adapts according to the morphological peculiarities of the English language, which he uses as a source and basis, and then brings the terms to corresponding equivalents in the Macedonian literary language.

In this first edition of the Macedonian scientific and professional lexicography, terms, expressions and concepts from the field of biological and biotechnical sciences are represented, with a special emphasis on limnology. It appears as a result of the author's many years of research and translation work in the field of hydrobiology of fresh waters carried out at the Hydrobiological Institute in Ohrid and elsewhere. The very fact that the dictionary contains about 4,000 terms and expressions with expert interpretations speaks of the seriousness and significance of this work, the first of its kind in our Republic.

In addition to terms, the dictionary provides interpretations of biological signs and symbols, geological periods and epochs, chemical elements and their symbols, thermal scale, as well as English and American measures of length, area, weight, as well as their relationship to metric measures.

Bearing in mind that hydrobiology, with its branches oceanography and limnology, is an interdisciplinary field, the number of scientists who deal with the examination of aquatic ecosystems from biological, physical, chemical, geological, geomorphological, fisheries and many other aspects is growing. That is why the advent of the English-Macedonian dictionary by Slavè Nikolovski-Katin is a very useful manual for scientific and professional workers, students, pupils and in general for all researchers and those interested in aquatic ecosystems, the protection of the aquatic environment, natural environment and more.

With an abundance of terms and publications used from limnological and other types from several foreign languages, with clarity of interpretation of expressions, this vocabulary filled a page that has long been felt in our limnological terminology and represents a significant achievement of the young Macedonian lexicography.

**Bl. Stoichkovski**
**(The text was published in the magazine "Makedonija" no. 401, IX-1986.)**


СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ - КАТИН
МИТРОПОЛИТОТ КИРИЛ
SLAVÈ NIKOLOVSKI - KATIN
METROPOLITAN KIRIL


СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ - КАТИН
SLAVÈ NIKOLOVSKI - KATIN
ЃОРГИЈА - ЏОРЏ АТАНАСОСКИ
GEORGE ATANASOSKI


СЛАВЕ КАТИН
SLAVÈ KATIN
ЕСМА
ESMA


STEVE PLIAKES
СТИВ ПЛЪАКАС


СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН
МАКЕДОНСКИОТ ИСЕЛЕНИЧКИ ПЕЧАТ


СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ - КАТИН
ИЛИНДЕН 1903 - 2003
и
МАКЕДОНСКИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ


SLAVÉ KATIN
СЛАВЕ КАТИН
ISRAEL & MACEDONIA
ИЗРАЕЛ И МАКЕДОНИЈА


SLAVE NIKOLOVSKI - KATIN
MAKEDONCITE VO SAD I VO KANADA
SLAVИ NIKOLOVSKI - KATIN
THE MACEDONIANS IN USA AND CANADA

# *WHO IS SLAVÉ KATIN?*
# *(Biography)*



**SLAVÉ NIKOLOVSKI – KATIN**, who is better known as **SLAVÉ Katin**, loves his native Prespa, Ohrid, Macedonia, the Macedonians people, the Macedonian Orthodox Church-Ohrid Archdiocese, as well as all the Macedonian people living in the Diaspora. He is well known to the Macedonian people as well as to the international community especially for his numerous publications and journalistic and scientific papers which he has devoted mostly to ethnic Macedonia and to the Macedonian people around the world.

Slavè does not belong to any political party. He belongs to Macedonia, to the Macedonian people, to the Macedonians in the Diaspora and to the Macedonian Orthodox Church-Ohrid Archbishopric, an institution which plays an important role in keeping the Macedonian people outside Macedonia and in the world together.

Slavè's diverse palette for realizing strategic objectives in this field covers numerous endeavours, part of which he has already successfully achieved. In addition to his relatively frequent visits to the three continents and his meetings with migrants, through his monographic publications about their successes, Slavè has also tried to arouse

interest in the leaders of those counties to collaborate with the Macedonian people in the Diaspora. This was especially expected after publishing his 55th book entitled “Israel and Macedonia” (in English, Macedonian and Hebrew).

Slavè Katin was born on August 19, 1941, in Dolna Prespa in a house located near the shores of Lake Prespa. His house was so close to the lake its walls were regularly splashed by the lake waters when the waves were high. His home was located near the old Nakolets settlement. Slavè was born at the beginning of World War II when Hitler’s Germany, intoxicated by fascist ideology, rose against the entire world believing it had the power to seize it.

According to Slavè’s biography, several months after he was born his family moved to his mother Sandra’s house in the village Ljubojno. Slavè completed his primary education in Ljubojno and his technical studies in Skopje during which time he was known by his mother’s maiden name – Grezhlovski. Then, when Slavè began his university studies in Belgrade he started using his biological father’s name. His father was named Risto (Bardzevski) – Nikolovski. Slavè spent most of his childhood and early years in Ljubojno, where today he has a library containing about 4,000 books.

Потоа на 1 јули 1989 година Друштвото ја печатеше првата публикација „Литературна мисла”. Во првиот број на ова списание се застапени сите членови на друштвото со по една песна. Вториот број на *„Литературна мисла”* излезе од печат следната година, а во него членовите на друштвото се застапени со по неколку песни.

Третиот број се појави во 1990 година, а во септември 1991 година, излезе и четвртиот број. Во истата година излезе од печат книгата поезија на членовите на ова литературно друштво под наслов *„Траги во времето”,* а во 1993 година излезе делото под наслов *„Глас од далечината”.*

Во 2001 година излезе од печат стихозбирката *„Мостови”,* во која сите членови се застапени со повеќе песни. Таа е издание на „Македонска искра“ од Скопје, а главен и одговорен уредни на стихозбирката е Славе Катин.

Посебно треба да се одбележи податокот дека од мај 1990 година Друштвото е организатор и домаќин на манифестацијата *„Денови на македонската култура”,* која стана традиционална форма и содржина во неговата работа и дејствување. Не ретко, нивни гости и соработници биле писатели, културни и научни работници од републиката, а станале и почесни членови: Анте Поповски, Орде Ивановски, Божин Павловски, Блаже Ристовски, Мето Јовановски, Јордан Плевнеш, Вера Стојчевска-Антиќ, Коле Мангов, Славе Николовски-Катин, Љубиша Георгиевски, Петар Темелковски, Петре М. Андреевски, Вангел Божиновски, Ката Мисиркова-Руменова, Илинден Спасе, Раде Силјан и други.

Нема приредба, одбележување на значајни настани и личности од македонската историја и култура во кои не учествуваат и овие творци и вљубеници во пишаниот збор, а кои се одржуваат во Канада или, пак, во Соединетите Американски Држави. Нераскинлива, и за нив најзначајна, е врската со татковината.

Остварена е соработка со Друштвото на писателите на Македонија, традиционалното учество на Струшките вечери на поезијата, на Рациновите средби, објавени се прилози на страниците на македонските весници, списанија и книжевна периодика, а се преземени и други активности.

Четириесетината членови на Литературното друштво *„Браќа Миладиновци”* се работници, интелектуалци, ученици, студенти, пензионери... Тоа се чета избраници кои со силата и со моќта на македонскиот збор војуваат и опстојуваат; патем, да забележиме дека неколкумина од нив пишуваат на англиски јазик и во светот ја шират вистината за Македонија. Нивното творештво, и во минатото како и денес, претставува потребна и суштинска активност на сопственото истрајување во историјата на светот. А нивното главно оружје е македонскиот литературен јазик



*Торонто-Членови на Друштвото / Toronto-Members of the Society*

„Македонското литературно друштво *„Григор Прличев”* од Сиднеј, пак, е формирано на 31 март 1978 година со цел да ги зближи и соедини македонските доселеници во Австралија, кои потекнуваат од сите делови на Македонија и кои активно создаваат литературни творби; го чуваат и го негуваат македонскиот литературен јазик и македонската литература. За остварување на овие цели Друштвото превзеде разновидни активности, како организирање на културно-литературни средби, семинари, наградни конкурси за *„Прличева награда”,* издавање на списанието *„Повод”,* формирање Библиотека со читална и архивски оддел и издавање книги од самите членови пишувани на македонски и на англиски јазик од самиот почеток превзеде

водечка улога во негување на македонскиот јазик преку издавање на списанието *„Повод“,* организирање на наградни конкурси за *„Прличева награда“,* издавање книги од самите членови и формирање на библиотекат а *„Григор Прличев“.* Од самиот почеток Друштвото ја превзеде улогата на организирање Денови на македонската култура, филмски фестивали, изложби, семинари и конференции, поетски средби, театарски вечери, јавни протести, дебати и издавање писмени ноти во борбата за зачувување на македонскиот идентитет, барање човекови права за Македонците во поробениот дел на Македонија и апели за да се поддржи правото за самоопределување на Македонците во Австралија и да се запре дискриминаторската политика на Европската заедница

За последните четириесет години Друштвото успешно секоја година ги одржува наградните конкурси за поезија и раскази како за возрасни така и за деца преку кои ги потикнува поетите и раскажувачите да творат; секоја година организира по неколку поетско-литературни средби за одбележување на годишнината на Друштвото како и за македонските национални денови „Илинден”, годишнините поврзани со поетот Григор Прличев и со апостолот Гоце Делчев, како и промовирање книги

На 31 март 1917 година во просториите на Литературното друштво „Григор Прличев“ се одбележа 39- годишницата од формирањето на Друштвото. На средбата за почесни членови во Друштвото се прогласија познатите писатели од Македонија, Славе Николовски-Катин и Трајче Кацаров. Тие повеќе децении соработуваат со Друштвото и го промовираат истото.



*Сиднеј МНД / Sydney MND*

# 4. SLAVÈ KATIN - MEMBER OF LITERARY SOCIETIES IN THE DIASPORA

The literary society "*Miladinov Brothers*" works as part of the ecclesiastical municipality "St. Kliment Ohridski" in Toronto. It was established on March 6, 1987. The first literary evening was held in May 1987 on the occasion of the 126th anniversary of the publication of the famous "Collection of the Miladinov Brothers" and in honor of the establishment of the society.

Then on July 1, 1989, the Society printed the first publication "Literary Thought". In the first issue of this magazine, all members of the company are represented with one poem each. The second issue

of "Literary Thought" was published the following year, and in it the members of the society are represented with several poems each.

The third issue appeared in 1990, and in September 1991, the fourth issue was released. In the same year, the book of poetry by the members of this literary society was published under the title "*Tragi vo vremeto”* (*Traces in Time),* and in 1993 the work under the title "*Glas od dalecinata”* (*Voice from afar)* was published.

In 2001, the poetry collection "*Mostovi” (Bridges)* was published, in which all the members are represented with several poems. It is published by "Makedonska Iskra" from Skopje, and editor in charge of the poetry collection is Slavè Katin.

It should be particularly noted that since May 1990 the Society has been the organizer and host of the "Days of Macedonian Culture" event, which has become a traditional form and content in its work and action. Not infrequently, their guests and collaborators were writers, cultural and scientific workers from the republic, and they also became honorary members: Ante Popovski, Orde Ivanovski, Bozin Pavlovski, Blaze Ristovski, Meto Jovanovski, Jordan Plevnesh, Vera Stojchevska-Antic, Kole Mangov, Slavè Nikolovski-Katin, Ljubisa Georgievski, Petar Temelkovski, Petre M. Andreevski, Vangel Bozinovski, Kata Misirkova-Rumenova, Ilinden Spase, Rade Siljan and others.

There is no affair, commemoration or celebration of important events or individuals from Macedonian history and culture in which these creators and aficionados of the written word do not participate, and which are held in Canada or in the United States of America. Lasting, and the most important thing for them, is their bond with the homeland.

Cooperation with the Writers' Society of Macedonia, the traditional participation in the Struga Poetry Evenings, Racin Meetings, articles have been published on the pages of Macedonian newspapers, magazines and literary periodicals, and other activities have been included.

The forty members of the Literary Society "*Miladinov Brothers*" are workers, intellectuals, pupils, students, pensioners... They are a group of chosen ones who fight and survive with the strength and power of the Macedonian word; by the way, let's note that several of them write in English and spread the truth about Macedonia in the

world. Their creativity, both in the past and today, represents a necessary and essential activity of their own persistence in the history of the world. And their main weapon is the Macedonian literary language.




*Браќата Миладиноци / The Brothers Miladinovtsi*

The Macedonian Literary Association "Grigor Prlichev" from Sydney, on the other hand, was formed on March 31, 1978, in order to bring closer and unite the Macedonian emigrants in Australia who actively participate in the field of literature; to preserve and cultivate the Macedonian literary language and Macedonian literature. In order to achieve these goals, the Association undertook various activities such as organizing cultural and literary meetings, seminars, prize competitions for the "Prlichev Award", publishing the magazine "Povod", establishing a Library with a reading room and archive department and publishing books in the Macedonian and English languages written by its members.

From the very beginning, the Association was actively involved in organizing Days of Macedonian Culture, film festivals, exhibitions, seminars and conferences, poetry meetings, theater evenings, public protests, debates and publishing written notes in the struggle to

preserve the Macedonian identity, seeking human rights for Macedonians in the enSlavèd part of Macedonia and appeals to support the right to self-determination of the Macedonians in Australia and to stop the discriminatory policy of the European Community.

For the past over forty years, the Association has successfully held annual poetry and short story award-winning competitions for adults and children, through which poets and story-tellers are encouraged to participate; each year the Association organizes several poetry-literary meetings to mark its anniversary as well as the Macedonian national days “Ilinden”, the poet Prlichev, the political revolutionary Goce Delchev and the promotion of books.

On March 31, 1917, the 39th anniversary of the establishment of the Society was celebrated in the premises of the "Grigor Prlichev" Literary Society. At the meeting, the famous writers from Macedonia, **Slavè Nikolovski-Katin** and **Trajche Kacarov**, were declared honorary members of the Society. They have been cooperating with the Society and promoting it for several decades.



# 5. СЛАВЕ КАТИН- ДОЖИВОТЕН ЧЛЕН НА ФОНДАЦИЈАТА „АТАНАС БЛИЗНАКОВ“




Ликот и делото на Атанас Близнаков ќе останат вечни. Тој е првиот и единствениот хуманист и донатор на толку голема фондација. Затоа, не случајно се вели дека Фондацијата *„Атанас Близнаков”* е трајна, многузначајна и со големи перспективи. Тоа е познато и признато, не само во македонската држава, туку и пошироко.

Фондацијата *„Атанас Близнаков”* при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје за стипендирање студенти кои

покажуваат особени резултати во студирањето е формирана со Одлука на Универзитетскиот совет, донесена на 148-та седница од 18.04.1977 година, врз основа на лично изнесената желба на нашиот сонародник Атанас Близнаков, како и врз неговото последно завештание и тестамент, од каде што во иднина се очекуваат и други слични фондации

Атанас Близнаков во Гери, Индијана, САД живеел повеќе од половина век. Во Македонија се вратил во 1976 година заедно со својата верна сопатничка, сопругата Славка и веднаш се зафатил да ја реализира својата дамнешна желба: својата макотрпна печалба остварена во далечна Америка да ја стави во функција на создавање материјални услови за студирање на наши студенти. Така, оваа негова желба, му се оствари во 1977 година со формирањето на Фондацијата *„Атанас Близнаков*” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Од формирањето на фондацијата *„Атанас Близнаков“* стипендии добивале над 450 студенти од сите високообразовни организации, од кои 350 веќе дипломирале, некои од нив се стекнале и со високи научни звања: магистри и доктори на науки.

Големото благородно дело на нашите сонародник – донатори Атанас Близнаков претставува своевиден пример за младите генерации да придонесуваат за развојот на науката и за афирмацијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, а со тоа да учествуваат и во развојот и јакнењето на угледот на нашата држава, Република Македонија, за што тие, низ целиот свој животен пат се залагале и придонесувале.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје му е вечно благодарен на Атанас Близнаков и неговото име го зазема првото места на Спомен – плочата на донатори, изработена во знак на почит и благодарност кон сите кои дадоа значаен придонес во создавањето и развојот на творечкиот подем на Универзитетот.

Инаку, со Одлука на Универзитетскиот совет, донесе на 148-та седница одржана на 18 април 1977 година, а врз основа на лично изнесената желба на Атанас Близнаков, е основана Фондацијата *,,Атанас Близнаков”* при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје за стипендирање студенти кои покажуваат особени резултати во студирањето

Изразувајќи ја својата приврзаност кон Македонија и кон Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, својата макотрпна печалба остварена во далечна Америка, покојниот Атанас Близнаков, со посебно задоволство и подготвеност ја стави во функција на создавање материјални услови за студирање на студентите на Скопскиот универзитет.

Формирањето на Фондацијата *„Атанас Близнаков”* за стипендирање студенти кои покажуваат особени резултати во студирањето е прва во историјата на Универзитетот, и со тоа, таа има двојно значење: првото и основното значење е содржано во самата намена на Фондацијата, во мотивот и желбата на Атанас Близнаков да го стимулира она што за секој народ е најдрагоцено и најпотребно – знаењето.

Стипендиите на студентите се даваат за учебните месеци во текот на годината, и тоа од 1 септември заклучно со 30 јули. Фондот има свој печат и штембил, печатот е во форма на круг, во чија средина е амблемот на Универзитетот, а наоколу е испишан следнив текст: Фонд „Атанас Близнаков” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” – Скопје.

Од средствата на Фондот „Атанас Близнаков” се доделуваат стипендии на вредни и талентирани студенти кои покажуваат резултати во стидирањето како признание и стимулација во нивната натамошна работа. Изборот на стипендистите се врши по пат на конкурс, а врз основа на единствени критериуми.

Сите средства на Фондот се чуваат во банка со седиште во Скопје и во Чикаго и гласи на име: Фонд *„Атанас Близнаков”* при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” – Скопје.

Инаку, фондацијата *„Атанас Близнаков”* при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј” во Скопје е прва од ваков вид во Македонија, која постои 44 годишно и која создава голем интерес кај студентите, јавноста во Република Македонија и меѓу македонските иселеници во странство. Тоа, пред сè, е гордост и радост на своите донатори Атанас Близнаков и неговата сопруга Славка; подарок за младите и за Македонија, но и поттик за другите добродетели, без разлика каде живеат, да им помогнат во забрзувањето на економскиот и културениот развој во својата земја.

Фондацијата има свој Статут по кој работи. За остварување на целите и задачите на Фондацијата се грижи Управен одбор чиј претседател е ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, а потпретседател и доживотен член е авторот на овие редови Славе Катин.

За животот и делото на Атанас и Славка Близнакови се напишани две моногравски дела. Монографијата „Атанас Близнаков” (2000), на македонски јазик во издание на Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” и тогашното Министерство за иселеништво на Република Македонија од Славе Николовски-Катин  и монографијата „Атанас Близнаков” (2017), на македонски и на англиски јазик во издание на Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” исто така од Славе Катин

Со Фондот „Атанас Близнаков” управува Советот на Фондот. Советот на Фондот го сочинуваат претставници на Универзитетот „Св, Кирил и Методи“ и доживотниот член Славе Николовски-Катин, кој цели четириесет години е волонтер. Во негово отсуство, заменик е неговата снаа од синот, проф, д-р Радмила Чрчева-Николовска, професор на Ветеринарниот факултет.



# 5. SLAVÉ KATIN – LIFE TIME MEMBER OF THE “ATANAS BLIZNAKOV’’ FOUNDATION




Atanas Bliznakov’s role and work will remain eternal. He is the first and only humanist and donor of such a large foundation. Therefore, the saying that the "Atanas Bliznakoff" Foundation is permanent, of great importance and with great perspectives, is no coincidence. It is widely known and recognized, not only in Macedonia, but also beyond.

The "Atanas Bliznakov" Foundation at the University "St. Cyril and Methodius" in Skopje to provide scholarships to talented students who show distinguished results in the course of their studies was established by the Decision of the University Council, adopted at the 148th session of 18.4.1977, based on the personal wish of our compatriot Atanas Bliznakov, as well as his last will and testament, from where other similar foundations are expected in the future.

Atanas Bliznakov lived in Gary, Indiana, USA for more than half a century. He returned to Macedonia in 1976 together with his faithful companion, his wife Slavka, and immediately set about realizing his old wish: to put his hard work earned in distant America into the function of creating material conditions for the study of our students. Thus, this wish of his came true in 1977 with the establishment of the "Atanas Bliznakoff" Foundation at the University "St. Cyril and Methodius" in Skopje.

Since the establishment of the "Atanas Bliznakoff" foundation, more than 450 students from all higher education institutions have received scholarships, of which 350 have already graduated, some of them have also obtained high scientific degrees: masters and doctors of science.

The great noble work of our compatriot - donor Atanas Bliznakov is a kind of example for the young generations to contribute to the development of science and to the affirmation of the University "St. Cyril and Methodius" in Skopje, and thus to participate in the development and strengthening of the reputation of our country, the Republic of Macedonia, for which they, throughout their life path, advocated and contributed.

University "St. Cyril and Methodius" in Skopje is eternally grateful to Atanas Bliznakov and his name occupies the first place on the Memorial plaque of donors, made as a sign of appreciation and gratitude to all who made a significant contribution to the establishment and development of the creative growth of the University.

Secondarily, with the Decision of the University Council, adopted at the 148th session held on April 18, 1977, and based on the personal wish of Atanas Bliznakov, the Atanas Bliznakoff Foundation was founded at the University of St. Cyril and Methodius" in Skopje for awarding scholarships to students who show particular results in their studies

Expressing his bond with Macedonia and with the University "St. Cyril and Methodius" in Skopje, the late Atanas Bliznakov, with exceptional delight and willingness, put his hard earned funds, obtained in distant America to the function of creating material conditions for the study of students at the University of Skopje.

The establishment of the "Atanas Bliznakoff" Foundation for scholarships for students who show distinguished results in their studies is the first in the history of the University, and thus, it has a dual meaning: the first and basic meaning is contained in the very purpose of the Foundation, in the motive and desire of Atanas Bliznakov to stimulate what is most precious and necessary for every nation - **knowledge**.

Scholarships are given to students for the academic months during the year, from September 1 to July 30. The fund has its own seal and stamp, the seal is circular, in the middle of which is the emblem of the University, and the following text is written around it: Fund "Atanas Bliznakoff" at the University "St. Cyril and Methodius" - Skopje.

From the funds of the "Atanas Bliznakoff" Fund, scholarships are awarded to hardworking and talented students who show results in their studies as recognition and stimulation in their further work. The selection of the scholarship holders is made through a competition, based on unique criteria.

All the assets of the Fund are kept in a bank with headquarters in Skopje and in Chicago and are named: Fund "Atanas Bliznakoff" at the University "St. Cyril and Methodius" - Skopje.

Furtheremore, the "Atanas Bliznakov" foundation at the "St. Cyril and Methodius" University in Skopje is the first of its kind in Macedonia, which has existed for 44 years and which creates great interest among students, the public in the Republic of Macedonia and among Macedonian expatriates abroad. That, above all, is the pride and joy of its donors Atanas Bliznakov and his wife Slavka; a gift for the youth and for Macedonia, but also an incentive for other benefactors, regardless of where they live, to help them speed up the economic and cultural development in their country.

The foundation has its own Statute according to which it operates. The Board of Directors, whose president is the rector of the University "St. Cyril and Methodius" in Skopje, and the vice president and lifelong member is the author of these lines, Slavè Katin.

Two monographic works have been written about the life and work of Atanas and Slavka Bliznakov. The monograph "Atanas Bliznakov" (2000), in the Macedonian language, published by the Rectorate of the University "St. Cyril and Methodius" and the then

Ministry of Emigration of the Republic of Macedonia by Slavè Nikolovski-Katin and the monograph "Atanas Bliznakov" (2017), in Macedonian and in English, published by the Rectorate of the University "St. Cyril and Methodius" also by Slavè Katin

The "Atanas Bliznakoff" Foundation is managed by the Foundation Council. The Foundation Council consists of representatives of the University "St. Cyril and Methodius" and lifelong member Slavè Nikolovski-Katin, who has been a volunteer for forty years. In his absence, his daughter-in-law, Prof. Dr. Radmila Chrceva-Nikolovska, professor at the Veterinary Faculty, is the deputy.




АНДОНОВ
ЧЕНТО



MAKEDONIA '91
FOLK · FESTIVAL · AUSTRALIA

The Organising Committee of the
MAKEDONIA FOLK FESTIVAL
IN AUSTRALIA
Thank
VICE-PRESIDENT
SLAVE NIKOLOVSKI-KATIN
For Their Generous Support
and Participation
DURING THE INAUGURAL
MAKEDONIA FOLK FESTIVAL
1991

Chairman



ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ

БЛАГОДАРНИЦА

za pridones i afirmacija na Zaednicata
Gosp. Slave Nikolovski-Katin

ПРЕДСЕДАТЕЛКА НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР

ПРЕДСЕДАТЕЛ НА ЗАЕДНИЦА



ПО ПОВОД 20 - ГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН 1903" ОД ХАМБУРГ, СР ГЕРМАНИЈА

УПРАВАТА НА ДРУШТВОТО ДОДЕЛУВА

БЛАГОДАРНИЦА

НА СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ КАТИН

ЗА ИЗВОНРЕДНАТА АКТИВНОСТ И СОРАБОТКА, ЗА ПОСЕБНО УКАЖАНАТА ДОВЕРБА И ПОМОШ НА РАЗЛИЧНИ ПОЛИЊА И ЗА ЗАЧУВУВАЊЕТО И ПРОДОЛЖУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ ДУХ ВО ДРУШТВОТО

ХАМБУРГ

ПРЕТСЕДАТЕЛ



AMERIKANSKO-MAKEDONSKA
ASOCIJACIJA

in appreciation

BLAGODARNICA
NA
SLAVE NIKOLOVSKI
KATIN
ZA
GOLEMATA i NESEBIČNA
POMOS KON AMERIKANSKO-MAKEDONSKATA
ASOCIJACIJA OD DETROIT, MI. S.A.D.

9-MAJ-2002
DETROIT, MI. S.A.D.

PRETSEDATEL
MISKO VASOVSKI

**Некои од призннијата на Катин**
Some of Katin's



Macedonian Literary Association "Grigor Prlichev"
Македонско литературно друштво „Григор Прличев"

P.O. Box 227 Rockdale NSW 2216 Australia

** 35 Years Community Library* ** 30 Years Publishing Books*
** 35 Years Promoting Macedonian Language and Literature*

**CERTIFICATE OF APPRECIATION**

Presented to

**Slave Nikolovski-Katin**

For your valuable contribution in
**Promoting the Macedonian Language and Literature**

Dushan Ristevski
*President*
31.03.2013

***35 years of promoting Macedonian language and literature***

# *ПОРТРЕТ НА СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ-КАТИН*

-По повод доделувањето на најпрестижната
Награда за животно достигнување во дијаспората,
За 2022 година, Келн, 14.01.2022 година-

Најдолгата историја на животот на човекот
е во животот на неговиот пишан збор
Така преку зборот одамна
на македонското книжевно небо
ја открив силната ѕвезда
на Славе Николовски-Катин
од чија светлина изгреваат вредните му дела
со осведочени вистини
за македонскиот непокор
Постојано и сегде присутен
кадарен и иселениците да ги разбере
на кои Татковината им е светилник
на нивните копнежи и носталгии
Впрочем тие
и Сонцето на туѓината го разбираат
кога тоа со себе разговор води
штом неговата топлина не се поима
со топлината на родните огништа
Животниот век на Катин
нема растојанија
меѓу времето сегашно и времето идно
зошто со неговите безвременски дела
полни со будни знаци по примерот на Рацин
и со една негова капка крв на чист Македонец
Библија би напишал за оваа старозаветна земја
која секој Македонец во срце ја носи
каде било да е во светот.

Саво Костадиновски, Германија

# *SLAVÈ NIKOLOVSKI-KATIN'S PORTRAIT*

***- On the occasion of awarding the most prestigious***
***Diaspora Lifetime Achievement Award,***
***for 2022, Cologne, 14.01.2022-***

***The longest history of human life***
***is contained in the life of his written word***
***So through the word long ago***
***in the Macedonian literary sky***
***I discovered the bright star***
***of Slavè Nikolovski-Katin***
***from whose light his valuable works arise***
***with accurate truths***
***about Macedonian defiance***
***Constantly and everywhere present***
***capable of understanding expats***
***for whom their Motherland is a beacon***
***of their longing and nostalgia***
***After all, they***
***even understand the Sun of the foreign soil***
***when it talks to itself***
***as long as its warmth is not concieved***
***as the warmth of native hearths***
***Katin's life span***
***has no distances***
***between present and future***
***as with his timeless works***
***full of signs of awakening following Racin's example***
***and with one drop of his blood of a pure Macedonian***
***I would write a Bible about this Old Testament land***
***which every Macedonian carries in his heart***
***anywhere in the world.***

***Savo Kostadinovski, Germany***

# ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА ЈА ОДБЕЛЕЖУВА 120-ГОДИШНИНАТА ОД ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ




Обединетата македонска дијаспора (ОМД) на 2 август со гордост ја одбележа 120-годишнината од Илинденското востание и 79-годишнината од Антифашистичкото собрание за национално ослободување на Македонија (АСНОМ).

Овој историски датум го претставува раѓањето на современата македонска држава. Македонија со векови трпеше окупација до конечното остварување на слободата во 1903 година по Илинденското востание и деновите на Б Крушевска Република.

Републиката што ја основаа нашите предци, иако краткотрајна, беше прва од ваков вид на Балканот - демократија! Формалните столбови на современата република потоа беа официјализирани во 1944 година, отворајќи го патот за иднината на нацијата.

Во текот на целиот предизвикувачки 40-годишен период од Илинденското востание во 1903 година, преку Балканските војни во 1912 година, првата, а потоа и втората светска војна, македонскиот народ истраја низ неволјите, соочувајќи се со незамисливи маки. Нашите предци претрпеа смрт, опустошување на нивните земји и разделување на семејствата додека соседните војски постојано се обидуваа да ја асимилираат и потиснат нашата македонска култура. Меѓутоа, нивниот непоколеблив дух и одлучност доведоа до конечното ослободување и националност на нашата сакана земја.

Денес, како горди Македонци, стоиме обединети, благодарни за храброста и пожртвуваноста на нашите предци. Ја користиме оваа прилика да го почитуваме нивното наследство и да го прославиме значењето на 2-ри август - симбол на издржливоста, силата и неукротимниот македонски дух. Со чествувањето на Илинденското востание и АСНОМ им оддаваме почит на хероите од минатото кои го трасираа патот кон сегашноста и иднината. Оваа прослава е доказ за нашата посветеност за зачувување на наслед-ство и за негување на единството меѓу Македонците ширум светот.

ОМД ги поканува сите Македонци и пријатели на Македонија да ни се придружат во одбележувањето на овој историски ден.

Заедно, да ја негуваме нашата заедничка историја, да се сеќаваме на борбите и да ги прифатиме триумфите што ја обликуваа нацијата што гордо ја нарекуваме дом. Македонија пред се е се што имаме.

Подолу се прикажани фотографии од директорот на ОМД Македонија, Гордан Јорданов кој положува венец во спомен на оние кои ги загубија животите за Македонската Република на Мечкин Камен, Крушево, Македонија.

# THE UNITED MACEDONIAN DIASPORA HONORS THE 120TH ANNIVERSARY OF THE ILINDEN UPRISING




The United Macedonian Diaspora (UMD) proudly marked the 120th anniversary of the Ilinden Uprising and the 79th anniversary of the Anti-Fascist Assembly for the National Liberation of Macedonia (ASNOM) on August 2nd.

This historic date represents the birth of the modern Macedonian state. For centuries, Macedonia endured occupation until finally achieving freedom in 1903 after the Ilinden uprising and the days of

theB Krushevo Republic. The republic our ancestors founded, although short-lived, was the first of its kind in the Balkans - a democracy! The formal pillars of the contemporary republic were then made official in 1944, paving the way for the nation's future.

Throughout a challenging 40-year period from the Ilinden Uprising in 1903, through the Balkan wars in 1912, the first and then second world wars, the Macedonian people persevered through adversity, facing unimaginable torment. Our ancestors endured death, the devastation of their lands, and the separation of families as neighboring armies repeatedly attempted to assimilate and repress our Macedonian culture. However, their unwavering spirit and determination led to our beloved land's eventual freedom and nationhood.

Today, as proud Macedonians, we stand united, grateful for the courage and sacrifice of our forebears. We take this opportunity to honor their legacy and celebrate the significance of August 2nd - a symbol of resilience, strength, and the indomitable Macedonian spirit. By commemorating the Ilinden Uprising and ASNOM, we pay tribute to the heroes of the past who paved the way for the present and the future. This celebration is a testament to our commitment for preserving our heritage and fostering unity among Macedonians worldwide.

UMD invites all Macedonians and friends of Macedonia to join us in celebrating this historic day. Together, let us cherish our shared history, remember the struggles, and embrace the triumphs that have shaped the nation we proudly call home. Macedonia above all, is all we have.

Below are photos of UMD M acedonia Director Gordan Jordanov laying a wreath in memory of those who lost their lives for the Macedonian Republic at Mechkin Kamen, Krusevo, Macedonia.

UNITED MACEDONIAN DIASPORA
ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

# ОМД БАРА ОД МАКЕДОНСКАТА ВЛАДА ДА ГО ДЕКЛАРИРА 10ТИ АВГУСТ КАКО ДЕН ЗА ПАМЕТЕЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ГЕНОЦИД




На денешен ден, пред 110 години, соседите на Македонија со помош на големите сили како што е Велика Британија (Шкотска, Англија, Велс, Северна Ирска и останатите колонии), Русија, Италија, Аустрија, Франција итн., како и отсуството на македонски претставник на таа конференција, ја поделија историската и географската Македонија меѓу себе, подложувајќи ги домородните Македонци на геноцидни, етничко чистење и систематска дискриминаторска политика која трае до денес во соседството. Стотици илјади Македонци, меѓу другите етнички групи, беа убиени во двете балкански војни 1912-1913 година.

Бугарија и Грција, користејќи тактика на понижување од 19тиот век, го блокира и го спречува напредокот на Македонците и на земјата, Македонија, и до денес ги негираат основните човекови права на македонските малцинства во нивните земји.

Обединетата македонска дијаспора (ОМД), водечката организација за Македонците во странство, ги повикува македонските власти да го прогласат 10 август за Ден на сеќавање на македонскиот геноцид.

ОМД веќе неколку години води кампања за овековечување на сеќавањата на Македонците изгубени за време на Балканските војни и светските војни. Пред 10 години, на 100-годишнината, ОМД ја организираше својата глобална конференција на ОМД „Македонија 2013: 100 години по Договорот од Букурешт“ во Скопје, Македонија.

Конференцијата се обиде да ги истражи импликациите што Балканските војни и Договорот ги имаа врз Македонците и македонскиот идентитет во контекст на домашната и регионалната политика, особено по формирањето на независна и суверена Република Македонија.

ОМД објави академско списание од 474 страници со 44 научни трудови од академици од 12 земји и го дистрибуираше списанието до универзитетите и библиотеките ширум светот за да го продолжи образованието за историјата и идентитетот на македонскиот народ.

Оваа година, со помош на македонските придружници на ОМД, Стојан и Душанка Трајков, од македонски на англиски јазик ја преведовме најновата книга на д-р Бранислав Светозаревиќ Покорни „Македонците, генезата на етничкото име низ милениумите“.

Книгата, која ОМД ја промовираше на својот најнов симпозиум на ОМД Македонија на 20 јули во Скопје, содржи архивски документи собрани во изминатите 1.000 години кои ја опишуваат уникатноста на македонскиот народ и неговото право на нашето вистинско име Македонија.

Арги Н. Белио, претседател на ОМД, изјави:

„ОМД вети дека ќе продолжи да се залага за промоција и зачувување на нашето богато македонско културно наследство, јазик и историја. Ние се бориме против пропагандата што ја водат соседите на Македонија со професионални и упорни средства секојдневно со помош на Македонците ширум светот. Тоа им го должиме на нашите предци и на нашите идни генерации Македонци. ***Придружете се на напорите на ОМД денес и вратете им се на вашите македонски корени***“.

# *UMD ASK THE MACEDONIAN GOVERNMET TO DECLARE AUGUST 10 AS A DAY TO REMEMBER THE MACEDONIA GENOCIDEN*



On this day, 110 years ago Macedonia's neighbors with the help of the Great Powers such as Great Britain (Scotland, England, Wales, Northern Ireland, and other colonies), Russia, Italy, Austria, France, etc., without the presence of a Macedonian delegate(s) in Bucharest, divided historic and geographic Macedonia among themselves, subjecting native Macedonians to genocidal, ethnic cleansing, and systematic discrimination policies that last to this day in countries like Bulgaria and Greece. Hundreds of thousands of Macedonians, among other ethnic groups, were killed in the two Balkan Wars of 1912-1913.

Bulgaria and Greece, using 19th-century bullying tactics, have blocked, and prevented the progress of Macedonians, and the country,

Macedonia, and to this day, deny the basic human rights of Macedonian minorities in their countries.

The United Macedonian Diaspora (UMD),the leading organization for Macedonians abroad, calls on Macedonian authorities to declare August 10th as **Macedonian Genocide Remembrance Day**.

For several years now, UMD has led a campaign to eternalize the memories of Macedonians lost during the Balkan Wars, and World Wars. 10 years ago, on the 100th anniversary, UMD organized its *“Macedonia 2013: 100 Years After the Treaty of Bucharest”* UMD Global Conference in Skopje, Macedonia.

The Conference sought to explore the implications the Balkan Wars and the Treaty had on Macedonians and Macedonian identity in the context of domestic and regional politics, particularly after the establishment of an independent and sovereign Republic of Macedonia.

UMD published a 474-page academic journal featuring 44 scholarly works by academics from 12 countries and distributed the journal to universities and libraries around the world to further the education of the Macedonian people’s history and identity. The full journal can be downloaded by clicking

This year, with the help of UMD Macedonian Companion members Stojan and Dusanka Trajkov, translated the latest book by Dr. Branislav Svetozarevikj Pokorny *“Macedonians, The Genesis of the Ethnic Name Through the Millennia”* from Macedonian into English.

The book, which UMD promoted at its most recent July 20th UMD Macedonia Symposium in Skopje, features archival documents collected spanning over the past 1,000 years describing the uniqueness of Macedonian people and their right to our rightful name Macedonia.

Argie N. Bellio, UMD Chairman, said**:**

*“UMD pledges to continue championing the promotion and preservation of our rich Macedonian cultural heritage, language, and history. We are combatting the propaganda that has been being waged by Macedonia’s neighbors through professional and persistent means daily with the help of Macedonians around the world. We owe it to our forefathers and our future generations of Macedonians.* ***Join UMD’s efforts today and give back to your roots****.   ,*

UNITED MACEDONIAN DIASPORA
ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА



# *СОДРЖИНА*


- ВОВЕД_____5
- ПРВО ПИСМО ЗА НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО 2022“ НА СЛАВЕ КАТИН_____13
- ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА (ОМД) ВАШИНГТОН_17
- МЕТОДИЈА (МЕТО) КОЛОСКИ – ПРВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА „ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА“_____21
- ЧЕСТИТКИ И ДОБРЕДОЈДЕ ВО ТИМОТ_____27
- СИМПОЗИУМ НА ОБЕДИНЕТАТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА ВО СКОПЈЕ_____33
- ДОДЕЛУВАЊЕ НА *„НАГРАДА ЗА ЖИВОТНО ОСТВАРУВАЊЕ 2022“* НА ОМД ОД ВАШИНГТОН ЗА СЛАВЕ КАТИН_____37
- ПОВРЗИ СЕ, МРЕЖИ СЕ и РАСТИ СО ОМД МАКЕДОНИЈА СИМПОСИУМ И ИСКУСТВО!_____41
- ДОБИТНИЦИ НА „НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ОСТВАРУВАЊЕ“_____46
- „НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ОСТВАРУВАЊЕ 2022 ГОДИНА НА ОМД ОД ВАШИНГТОН ЗА СЛАВЕ КАТИН_____51
- КОЈ Е СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН?_____58
- ПРВ ВОКАБУЛАР НА НАУЧНА И СТРУЧНА ЛИМНОЛОШКА ТЕРМИНОЛОГИЈА ПРЕД 47 ГОДИНИ_____ 67
- СЛАВЕ КАТИН – ДОБИТНИК И НА ДРУГИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА _____83
- 1.СЛАВЕ КАТИН - ДОБИТНИК НА НАГРАДАТА *„ПОВЕЛБА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО“* НА ПЕЛАГОНСКИТЕ КУЛТУРНО-НАУЧНИ СРЕДБИ_____86
- 2.НАГРАДА ЗА „ЖИВОТНО ПОСТИГНУВАЊЕ ВО ТВОРЕШТВОТО “ ЗА СЛАВЕ КАТИН НА „49-ТЕ ИСЕЛЕНИЧКИТЕ ЉУБАНСКИ СРЕДБИ_____92
- 3,СЛАВЕ КАТИН – ДОБИТНИК НА НАГРАДАТА „КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ“ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО 1991 ГОДИНА_____98
- 4.СЛАВЕ КАТИН- ЧЛЕН НА ЛИТЕРАТУРНИ ДРУШТВА ВО ИСЕЛЕНИШТВОТО_____104
- 5.СЛАВЕ КАТИН- ДОЖИВОТЕН ЧЛЕН НА ФОНДАЦИЈАТА „БЛИЗНАКОВ“_____112
- ПОРТРЕТ НА СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ-КАТИН_____123
- ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА ЈА ОДБЕЛЕЖУВА 120-ГОДИШНИНАТА ОД ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ _____125
- ОМД БАРА ОД МАКЕДОНСКАТА ВЛАДА ДА ГО ДЕКЛАРИРА 10ТИ АВГУСТ КАКО ДЕН ЗА ПАМЕТЕЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ГЕНОЦИД _____129
- СОДРЖИНА_____134

# *CONTENTS*


- INTRODUCTION________________________________________8
- FIRST LETTER FOR THE "LIFETIME ACHIEVEMENT AWARD 2022" OF SLAVÈ KATIN________________________________15
- UNITED MACEDONIAN DIASPORA (UMD) , VASHINGTON____19
- METODIJA (METO) KOLOSKI – THE FIRST PRESIDENT OF THE UNITED MACEDONIAN DIASPORA_______________24
- CONGRATULATION AND WELCOME TO THE TEAM_________30
- UNITED MACEDONIAN DIASPORA SYMPOSIUM IN SKOPJE__________________________________________34
- UMD WASHINGTON "LIFETIME ACHIEVEMENT AWARD 2022" AWARDED TO SLAVÈ KATIN___________________________38
- CONNECT, NETWORK, AND GROW WITH UMD MACEDONIA SYMPOSIUM AND EXSPERIENCE________________________43
- WINNERS OF THE "LIFETIME ACHIEVEMENT AWARD"______47
- UMD WASHINGTON "2022 LIFETIME ACHIEVEMENT AWARD" TO SLAVÈ KATIN______________________________________54
- FIRST VOCABULARY OF SCIENTIFIC AND PROFESSIONAL LIMNOLOGICAL TERMINOLOGY BEFOR 47 YEARS _________69
- WHO IS SLAVÈ' KATIN?________________________________73
- SLAVÈ KATIN – RECEIVER OF OTHER REWARDS AND RECOGNITIONS_____________________________________83
- 1. SLAVÈ KATIN - WINNER OF THE "CHARTER FOR LIFETIME ACHIEVEMENT" AWARD AT THE PELAGONIAN CULTURAL-SCIENTIFIC MEETINGS________________________________89
- 2. AWARD FOR "LIFETIME ACHIEVEMENT IN CREATIVITY" FOR SLAVÈ KATIN AT "THE 49th LJUBOJNO EXPATRIATES GATHERINGS________________________________________95
- 3. SLAVÈ KATIN – RECIPIENT OF THE "KRSTE PETKOV MISIRKOV" AWARD FROM THE ASSOCIATION OF JOURNALISTS OF MACEDONIA IN 1991__________________101
- 4. SLAVÈ KATIN - MEMBER OF LITERARY SOCIETIES IN THE DIASPORA_________________________________________108
- 5. SLAVÈ KATIN – LIFE TIME MEMBER OF THE ,,ATANAS BLIZNAKOV" FOUNDATIO_____________________________116
- SLAVÈ NIKOLOVSKI-KATIN'S PORTRAIT________________124
- THE UNITED MACEDONIAN DIASPORA HONORS THE 120TH ANNIVERSARY OF THE ILINDEN UPRISING__________127
- UMD ASK THE MACEDONIAN GOVERNMET TO DECLARE AUGUST 10 AS A DAY TO REMEMBER THE MACEDONIA GENOCIDEN _______________________________________131
- CONTENTS_______________________________________135

*ИЗДАВАЧИ: „МАКЕДОНСКА ИСКРА“ ,СКОПЈЕ*
*PUBLISHER “MACEDONIAN SPARK”, SKOPJE*
-
## *СЛАВЕ КАТИН / SLAVÉ KATIN*
## *ОГЛЕДАЛО / A MIRROR*
-
- *Главни и одговорни уредници*

*Editors in chief*
*Славе Катин / Slavè’ Katin*
*Душан Ристевски-Македон / Dushan Ristevski-Makedon*
-
- *За издавачот / For the publisher*
- *Драган Поповски / Dragan Popovski*

-
- *Уредници// / Editors*

*Славе Катин / Slavè’ Katin - Марјан Поповски / Marjan Popovski*
-
- *Лектори / Proofreaders*
- *Елена Тошева / Elena Tosheva*
- *Виолета Христова / Violeta Hristovska*

-
- *Превод / Translated by*

*Виолета Христовска / Violeta Hristovska*
*од македонски јазик на англиски јазик*
*from macedonian to english language*
-
- *Ликовно и графичко обликување*
- *Computer and graphic desined*

*Марјан Поповски / Marjan Popovski*
- *Печат / Print*

*ЕВРОПА 92, Кочани / EVROPA 92. Kochani*
*300 примероци / 300 samples*

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска
библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

070:929Николовски-Катин, С.
821.163.3-92.09Николовски-Катин, С.
314.153.3-054.72(=163.3:100):061.2(735.3)
06.05:82-05Николовски-Катин, С."2022"

КАТИН, Славе
Огледало : за „наградата за животно дело 2022“ = A mirror : about the
"lifetime achievement award 2022" / Славе Катин =Slave Katin ; превод од
македонски јазик на англиски јазик Виолета Христовска ; translated from
macedonian to english language Violeta Hristovska. - Скопје ; Skopje :
„Македонска искра“ : Macedonian Iskra, 2023. - 138 стр. : фотографии ;
21 см

На насл. стр.: Книгата е посветена на „Награда за животно дело 2022“ од
ОМД од Вашингтон, САД на Славе Катин. - На насл. стр.: The book is
dedicated to the „Lifetime achievement award 2022“ of UMD from
Washington, USA for Slave Katin. - Напореден текст на мак. и анг. Јазик

ISBN 978-608-202-082-2

а) Николовски-Катин, Славе, 1941- -- Биографии б) „Обединета македонска
дијаспора“ (Вашингтон) -- „Награда за животно достигнување 2022“ --
Николовски-Катин, Славе (1941-)

COBISS.MK-ID 61563141

UNITED MACEDONIAN DIASPORA
ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

# UMD MACEDONIA SYMPOSIUM AND EXPERIENCE

# ОМД МАКЕДОНИЈА СИМПОЗИУМ И ПРАКТИКИ

20 JULY
ЈУЛИ 2023

LIMAK HOTEL, SKOPJE
ХОТЕЛ ЛИМАК, СКОПЈЕ







***Публикации посветени на „Наградата за животно дело 2022“ на Славе Катин***
***Publication dedicated to „Lifetime achievement award 2022“ of Slavè Katin***

